**РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА А.Д. СКОПЈЕ**
16-та Македонска бригада бр. 18, тел: 02/ 5514 330

**До**

**МАКЕДОНСКА БЕРЗА
НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД
СКОПЈЕ**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Кон финансискиот резултат од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во деловната 2022 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи на РЖ Техничка контрола - АД, Скопје.

**Вкупни приходи**

Во 2022 година оперативните приходи изнесуваат 87.688.981,00 денари. Тие се намалени за 2.578.361,00 денари во однос на оперативните приходи од 2021 година, поради намален обем на работа. Финансиските приходи во 2022 изнесуваат 140.714,00 денари, кои се намалени за 328.620,00 денари во однос на 2021 година.

**Вкупни расходи**

Во 2022 година оперативните расходи изнесуваат 78.803.488,00 денари. Тие се зголемени за 1.988.583,00 денари во однос на оперативните расходи во 2021 година. Финансиските расходи во 2022 изнесуваат 6.101.893,00 денари, односно се зголемени за 4.742.896,00 денари во однос на 2021 година.

**Вложувања или продажба на материјални средства**

Во 2022 година не се продадени материјални средства од РЖ Техничка контрола - АД,Скопје. Во 2022 година РЖ Техничка контрола - АД,Скопје инвестираше околу 200.000 евра во фотоволтаична централа со моќност до 300 kW.

**Обврски по кредити**

Друштвото не користи кредити, користи сопствени средства за своите потреби.

**Дивиденда**

Во 2022 година е исплатена дивиденда во бруто износ од 9.463.250,00 денари, односно 50,00 денари бруто по акција.

**Коментар за работењето во 2022 и идни очекувања**

Ова беше исклучително тешка година поради зголемувањето на цените на енергенсите и материјалите што ги користиме. Сепак, остварен е позитивен финансиски резултат за 2022 година.

Очекуваме 2023 година да биде уште потешка поради енергетската криза и геополитичката состојба во светот.

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА-АД,Скопје
Извршен директор
Бошко Угриновски